**From:**
**Sent:** Friday, May 22, 2020 2:52 PM
**To:**
**Subject:** FW: Одговор на претставка

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 22.05.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 11 | | |

-------- Оригинална порака --------
О
Датум: 22.5.20 14:46 (GMT+01:00)
До:

Тема: Одговор на претставка

Почитувани

Во претходната преписка веќе детално Ви ја посочивме сложената административна процедура што Агенцијата е законски должна да ја почитува пред да изрече одредена мерка кон радиодифузерите што прекршиле одредба било од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги било од Законот за медиумите. Напоменуваме дека, во поширока смисла, таа сложена административна процедура за основа ја има одредбата од Уставот дека - цензурата е забранета - односно, Агенцијата нема законски овластувања од радиодуфизерите да бара однапред на преглед да *и* ја доставуваат програмата што планираат да ја емитуваат. Со други зборови - Агенцијата својот надзор го спроведува откако програмата ќе биде емитувана, а дали е нешто спорно - оценува исклучиво според закон и според соодветни подзаконски акти.

Законот предвидува дека Агенцијата може да изрече две мерки - опомена и покренување прекршочна постапка. Во врска со Вашата забелешка дека мерката - „јавна опомена" - не дава посакуван - непосреден, инстантен ефект со кој - веднаш би се корегирала уредувачката неодговорност, повторуваме дека - откако Стручната служба ќе го направи мониторингот (како што Ве информиравме тој е веќе завршен, комплетиран како официјален извештај и доставен до Советот на Агенцијата, во случајов - по Ваша иницијатива), тогаш Советот на Агенцијата, пред да ја изрече мерката - „јавна опомена", законски е должен да побара од радиодифузерот писмено да се изјасни во врска со наодите за сторено прекршување. Едноставно - така налага процедурата, а токму тоа е фазата во која сега се наоѓаме. Рокот за изјаснувањето трае 7 дена, а дури потоа, по предлог од директорот на Агенцијата, Советот одлучува да изрече соодветна мерка. Дури по одлуката на Советот, радиодифузерот е задолжен во соодветен рок да го усогласи своето работење според Законот. За прекршувањето - *погрешна класификација на играна програма и погрешен период на емитување* - според документот - „Упатство за изрекување мерки", радиодифузерот има рок за корекција од 30 дена. Потоа, Стручната служба е задолжена да направи и - контролен мониторинг, за да утврди дали радиодифузерот постапил како што му е наложено. Во спротивно, на Советот му се предлага да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд.

Инаку, дел од споменатите законски мерки и динамиката на нивното спроведување се адаптирани поради ситуацијата со вирусната пандемија, бидејќи во овие неколку месеци и радиодфузерите работат со редуциран кадар.

Во односите меѓу Агенцијата и радиодифузерите, гледачите се третата страна чии забелешки секогаш се земаат предвид како обид да се алармира за заштититата на јавниот интерес во медиумската сфера. Во оваа смисла, првата верзија на Правилникот за заштита на малолетните лица е усвоена уште од 2003 година, а последната негова верзија како подзаконски акт на сила е од 2014 година, така што, низ сите тие години, многупати се покажало дека неговата доследна примена е работа на кооперативност, на добра волја и на кадровско-техничките способности на радиодифузерите да обучат одговорни уредници (не само) за соодветна класификација на телевизиската понуда. Распоредувањето (и во таа смисла и поместувањето) одредена програма во соодветен период за емитување е одговорност и обврска на радиодифузерите и зависи од нивната професионалност.

Срдечен поздрав,